**Право на откажување**

Ако одлучите да ја откажете нарачката, можете да го сторите тоа во рок од 14 дена откако сте ја примиле потврдата, без да дадете причина.

За да ја откажете нарачката мора да нè известите за вашата одлука. За да се обезбеди непосредна обработка, препорачуваме да користите Report a Problem [Пријави проблем] за да ги откажете сите артикли, со исклучок на Complete My Session [Заврши ја мојата сесија] што може да се откаже со контактирање на Поддршка на iTunes. Услугите за претплата може да се откажат само по првичната претплата, а не по секое автоматско обновување. Исто така имате право да нè информирате користејќи го образецот за откажување подолу или со давање на друга јасна изјава. Ако користите извештај за проблем, ние ќе испратиме потврда за приемот на откажувањето до вас без одлагање.

За да го исполните крајниот рок за откажување треба да ја испратите вашата порака за откажување пред да истече периодот од 14 дена.

**Ефекти на откажување**

Ќе ви ги надоместиме средствата не подоцна од 14 дена од денот кога ќе го примиме вашето известување за откажување. Ќе го искористиме истиот начин на плаќање кој сте го користеле за Трансакцијата и нема да има други плаќања за враќањето.

**Исклучок од правото на откажување**

Не можете да ја откажете нарачката за снабдување со Содржина ако испораката започнала по ваше барање и потврда дека со тоа го губите правото на откажување.

**Образец за откажување**

- До Apple Distribution International Ltd., iTunes Store Customer Support, Hollyhill Industrial Estate, Hollyhill, Cork, Republic of Ireland, rightofwithdrawal@apple.com:
- Со ова Ве известувам дека се повлекувам од мојот договор за следново:
[ВНЕСИ ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА НАРАЧКА, АРТИКЛ, АРТИСТ И ВИД]
- Нарачано на [ВНЕСИ ДАТУМ] / примено на [ВНЕСИ ДАТУМ]
- Име на потрошувач
- Адреса на потрошувач
- Е-пошта на потрошувач
- Датум